Република Северна Македонија
Министерство за финансии
**УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk www.ujp.gov.mk

До:

Министерство за труд и социјална политика
Ул. Даме Груев број 14
1000, Скопје

Генерална дирекција Скопје
Сектор за поддршка на директорот и односи со јавноста

Број: 08-8066/1
Датум: 10-10-2024

Предмет: Мислење по Предлог на Закон за работно ангажирање на лица

Почитувани,

УЈП го разгледа Предлогот на Законот за работно ангажирање на лица и процедурата за пријавување и плаќање на придонеси за работно ангажирање на лица што не е редовен работен однос и цени дека се важни за намалување на сивата економија. Но, сметаме дека Предлог Законот има одредени јазови бидејќи овозможува исплатата на надоместокот да се врши надвор од трансакциска сметка, што може да биде злоупотребено и на друг начин може да ја поттикнува сивата економија. Во таа насока, потребно е да се одмерат и ефектите од собирање на даноци и придонеси за работно ангажирање на лица, и ефектите од губење на даноци заради несоодветно евидентирање на исплатите на надоместоците.

Во поглед на предметот кои се уредува со овој предлог закон, особено треба да се земе предвид дека во нашата земја регистрацијата се врши во трите главни регистри: Трговски регистар кој го води ЦРРСМ, Централниот регистар на население и во поглед на осигуреници – одделните регистри кои ги водат социјалните фондови (ФПИОСМ, ФЗОРСМ и АВРСМ), кои во догледно време ќе поминат во Регистарот за задолжително социјално осигурување согласно Законот за регистар за задолжително социјално осигурување. УЈП како надлежен орган за утврдување и наплата на даноци, придонеси и други јавни приходи согласно закон, не врши иницијалната регистрација/евиденција на осигуреници, туку само презема податоци од надлежни регистри за цели на месечните пресметки за интегрирана наплата на придонеси и данок на личен доход од плата (МПИН) и спроведување на постапки за наплата согласно Законот за задолжително социјално осигурување и Законот за даночна постапка.

Бидејќи согласно Законот за регистар за задолжително социјално осигурување, регистрацијата на осигуреници од институциите за задолжително социјално осигурување ќе премине во надлежност на новиот Регистар за задолжително социјално осигурување, цениме дека најдобро решение е да се спојат двата процеси и регистрацијата на овие лица кои ќе бидат работно ангажирани да се врши преку новиот Регистар за задолжително социјално осигурување. Во меѓувреме, да нема никакви промени во постојниот систем, што значи регистрацијата до тогаш да се врши преку АВРСМ, а пресметувањето и плаќањето на придонесите од задолжително социјално осигурување и данокот на личен доход да се врши преку МПИН системот на УЈП.

Воедно, УЈП има повеќе планирани проекти за периодот 2025-2028 година и е врзана со рамка дадена од Светска банка за искористување на финансиски средства, така што нема соодветен капацитет за да се вклучи во овој проект што, исто така, треба да се земе како аргумент при донесување на одлуката.

На крај, препораките од меѓународните организации во однос на УЈП се секогаш во насока УЈП и даночната администрација да не се оптоварува со нови неданочни надлежности и овластувања, а регистрацијата и евиденцијата за работно ангажирање на лица е токму таква надлежност што се предвидува со овој предлог закон, која ќе значи користење на ресурси од УЈП кои се недоволни за основните даночни надлежности.

Врз основа на горенаведеното, сметаме дека потребно е да се направат соодветни измени на текстот на Предлогот на Законот за работно ангажирање на лица, во насока на пренесување на надлежностите за водење на евиденција на друг орган. За дополнителни консултации УЈП Ви стои на располагање.

Со почит,

Директор

м-р Елена Петрова

Изработил: Александра Велкова
Согласен: Васил Блажевски
Весна Новаковиќ
Василка Габер Наумоска
Дејанчо Дејанов
Љупчо Стојанов

Доставено до:
Министерство за труд и социјална политика
Архива